**БАРАЊЕ 23-5905**

1. Дали објектот на вашата институција има надворешна функционална рампа за лица со попреченост, која овозможува пристап од тротоарот или паркингот до главниот влез, без скали или други пречки?

2. Дали внатрешните ходници, канцеларии и сали овозможуваат непречено движење со инвалидска количка?
   o Ако не, кои се најчестите пречки (на пр. тесен премин, прагови, скали и сл.)?

3. Дали во објектот е обезбеден пристап помеѓу катовите или различните нивоа (преку внатрешна рампа или лифт пристапен за лицата со попреченост)?

4. Доколку постојат рампи, ве молиме наведете ги спецификациите на надворешните и/или внатрешните рампи (должина, ширина, агол на наклон, материјал).

5. Дали тротоарите во Општина Кавадарци се адаптирани за лица со попреченост?

6. Дали во актуелните проекти на Оштина Кавадарци се земени во предвид сите законски нормативи за функционална пристапност?
   Ве молам образложете ги проектите.

7. Дали има обезбеден паркинг простор за лица со попреченост?
   o Ако има, каде се наоѓа и колку места се обезбедени?
   o Ве молиме, прикачете фотографија од означениот паркинг простор.

8. Дали во објектот има тоалет приспособен за лица со попреченост?
   o Ако има, ве молиме наведете ги спецификациите (ширина на вратата, поставеност на рачки, простор за маневрирање и сл.).
   o Ве молиме, прикачете фотографија од тоалетот, доколку е достапна.

9. Дали институцијата има службеник задолжен за контакт и поддршка на лица со попреченост при користење услуги?
   • Ако да, наведете име и контакт на одговорното лице.
   • Дали контактот е јавно објавен (на веб-страница, инфо-табла или друг достапен начин)?
   • Дали службеното лице има поминато обука за комуникација со лица со попреченост?

10. Кои активности и проекти се реализираат во текот на 2025 година и се поврзани со инклузија и обезбедување поддршка за лицата со попреченост? Кои активности ги спроведува вашата институција за одбележување на 3 декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост за подигнување на свеста и вклученоста на лицата со попреченост?

11. Кои се вашите планирани активности или проекти за 2026 година поврзани со инклузија и поддршка на лица со попреченост во рамки на вашата организација?

12. Дали би дозволиле тимот на „И Јас Сум“ да изврши мониторинг на пристапноста во вашата институција?

13. Како би ја оцениле инклузивноста за лицата со попреченост, на вашата институција на скала од 1 до 10?

    (1 – воопшто неинклузивна, 10 – целосно инклузивна институција)

14. Дали институцијата има вработени лица со попреченост и дали се обезбедени услови за нивна работа?

**ОДГОВОР 23-5905**

1. Да, објектот на Општина Кавадарци располага со надворешна функционална рампа за лица со попреченост, која овозможува непречен пристап од тротоарот или паркингот до главниот влез без скали или други пречки

2. Внатрешните ходници, канцеларии и сали не овозможуваат непречно движење за лица со инвалидска количка бидејќи има скали, но постои лифт , кој моментално не е во функција. Скалите го ограничуваат пристапот до дел од канцелариите и салата, а поради нефункционирање на лифтот моментално, отежнато е движењето помеѓу катовите за лица со попреченост.

3. Во објектот на Општина Кавадарци не е обезбеден непречен пристап помеѓу катовите на различни нивоа преку внатрешна рампа или внатрешен лифт за лица со попреченост.

4. Пред објектот на Општина Кавадарци постои надворешна рампа за лица со попреченост која овозможува пристап до општината. Должината е приближно 4 метри, со метална конструкција за држење и противлизгав под. Во објектот има внатрешна пристапна рампа.

5. Тротоарите во Општина Кавадарци делумно се адаптирани за лица со попреченост, но дел од тротоарите се со ограничувања, односно некои тротоари не се спуштени, некои се тесни или имаат пречки како столбови, дрвја или други предмети што го отежнуваат непречното движење со инвалидска количка.

6. Во програмата за социјална заштита за 2026 година предвидени се финансиски средства за набавка на колички за хендикепирани лица и предвиден е буџет за ранливи категории на граѓани, кој се одобрува преку поднесени барања од странките до општината, а истите ги разгледува Комисија за здравство и финансии. Во актуелните проекти за изградба на тротоари и улици, во дел од истите се земени во предвид законските нормативи, а во дел не, но за идни проекти ќе се земат во предвид овие законски ограничувања.

7. Да, во општина Кавадарци има обезбедено паркинг простор за лица со попреченост на повеќе локации, односно на секоја паркинг зона постојат места за паркирање на лица со попреченост. Вкупен број места за паркирање на лица со попреченост во обележани паркинг зони изнесува 33 места и тоа во следните зони :

Зона А1-2 места, Зона А2-2 места, Зона А4-1 место

Зона В2 -В3-2 места, В4-1 место, В5,В6,В7-2 места,В8-1 место, В9-1 место, В10-1 место, В11 -1 место, В12-1 место

Зона С1 и С2-4 места, С3 и С4-3 места, С5 и С6-5 места, С7-3 места, С8-2 места , С9-1 место,

8. Во објектот нема тоалет кој е приспособен за лица со попреченост.

9. Да, Општина Кавадарци има службеник задолжен за контакт и поддршка на лица со попреченост при користење услуги.

Лицето кое е одговорно за лица со попреченост е: Јанинка Леова, објавена е на веб страната на општината.

10. Во тек е реализација на проект - Дневен Центар за лица со ментална и физичка попреченост. Општина Кавадарци ги поддржува сите настани и активности во врска со одбележувањето на 3-ти Декември, но самата институција не е организатор на истите.

11. Реализација на проект - Дневен Центар за лица со ментална и физичка попреченост и Планирани финансиски средства за 2026 година за ранливи категории на граѓани.

12.Општина Кавадарци е отворена и транспарентна општина за сите.

13.Реално би било ако нашата институција ја оценат надлежни органи , кои работат во оваа област.

14.Во институција нема вработено лица со попреченост.